Врз основа на член 94 точка 43 од Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр. 82/2018), Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, на 164-та седница одржана на ден 21.09.2018 година, со дополнување на 167-та седница одржана на ден 28.01.2019 година, го донесе следново

# У П А Т С Т В О
# за давање поддршка при конкурирање за проекти финансирани од меѓународни програми, домашни и/или странски институции, влади или фондови на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола

## (ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)

### *Основни одредби*

**Член 1**

Ова Упатство ја дефинира постапката за имплементација на Правилникот за реализација на проекти финансирани од меѓународни програми, домашни и/или странски институции, влади или фондови на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола (УКЛО) и на неговите единици, во делот на давање поддршка при конкурирање за проекти.

**Член 2**

Упатството е наменето за:

- Раководителот /локалниот раководител на проектот
- Ректорот на Универзитетот
- Проректорот за наука
- Деканите/директорите на единиците
- Продеканот за меѓународна соработка/наука/настава
- Секторот за настава, наука и меѓународна соработка на УКЛО

### *Потребна документација за добивање поддршка на ниво на единица*

**Член 3**

За добивање поддршка на проектната апликација, апликантот/контакт лицето до Наставно-научен/Наставнички/Научен совет на Единицата (односно до Ректорска управа, во случај кога носител на проектот е Универзитетот), доставува *Барање за поддршка на проектната апликација и назначување раководител/локален раководител на проектот или лице за контакт, (Прилог I.1),* и во прилог на барањето доставува:

- пополнет формулар со резиме на проектната идеја со наслов на проектот на македонски и англиски јазик, општа цел и специфични цели, предвидени активности, очекувани резултати, целни групи, придобивки од проектните активности за Универзитетот, информации за контакт лицето, партнери во проектот, информации за останати лица

вклучени во проектот, времетраење на проектот, предвиден буџет, потребно претфинансирање/кофинансирање, и др., *Прилог II.2*;

- елаборат за претфинансирање/кофинансирање на проектот, изработен од апликантот/контакт лицето, кој е претходно одобрен од Деканот на Единицата.

### *Најавување на проект*

**Член 4**

Учеството во проекти на единиците во составот на УКЛО се најавува преку Деканот/ Директорот на Единицата, врз основа на одлуки од Наставно-научен/Наставнички/Научен совет (согласност за учество и имплементација на проектните резултати, одлука за контакт лице и одлука за кофинансирање доколку истото се бара во проектот).

Во случај кога носител на проектот е Универзитетот, одлуките од став еден ги носи Ректорската управа.

### *Потребна документација за добивање поддршка на ниво на УКЛО*

**Член 5**

*Барање за добивање писмо за поддршка на проектната апликација,(Прилог I.2),* до Ректорот на УКЛО доставува Раководителот/локалниот раководител на проектот или лицето за контакт, најмалку десет (10) дена пред крајниот датум за аплицирање. Во исклучителни случаи, се доставува предлог-верзија на писмото за поддршка заедно со останатата потребна документација во предвидениот рок, со напомена дека конечната верзија ќе биде доставена пред самото потпишување од страна на Ректорот. Притоа апликантот доставува и детално објаснување за евентуалните разлики помеѓу предлог- верзијата и финалната верзија (доколку постојат).

Во прилог на барањето се доставува следнава документација:

- одлука за согласност за учество донесена од Наставно-научен/Наставнички/Научен совет, односно Ректорска управа (во случај кога носител на проектот е Универзитетот);
- одлука за контакт лице за проектот;
- одлука за согласност за кофинансирање донесена од Наставно-научен /Наставнички /Научен совет, односно Ректорска управа (во случај кога носител на проектот е Универзитетот);
- пополнет формулар со резиме на проектот, *Прилог II.2*;
- пополнет примерок на писмо за поддршка.

Во зависност од програмата во која се аплицира, може да се побараат и дополнителни документи.

**Член 6**

Врз основа на барањето со доставената документација, Ректорот, како законски застапник на Универзитетот, потпишува писмо за поддршка на проектот најдоцна во рок од 7 дена по доставувањето на документацијата од член 5 од ова Упатство.

Ректорот нема да го потпише писмото за поддршка на проектот, доколку потребната документација е нецелосна, или е доставена надвор од рокот од член 5 од ова Упатство.

**Член 7**

Со влегувањето во сила на ова Упатство престанува да важи Упатството за давање поддршка при конкурирање за проекти финансирани од меѓународни програми, домашни и/или странски институции, влади или фондови на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола од 30.06.2017 година

**Член 8**

Ова Упатство влегува во сила со денот на објавувањето во Билтенот на Универзитетот.

**Ректор**

**Проф. д-р Сашо Коруновски с.р.**